Бр./Nr 12-1965/4
24-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-та седница одржана на ден 20.07.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот под број 12-3455/1 од 26.12.2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапка за јавна набавка спроведена по оглас број ---------/2025 од страна на правното лице ------------ - ------------, АД --------------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што за предметниот случај постапува друг надлежен орган.

Предметот да се достави на надлежно постапување до Основното јавно обвинителство Битола.

Предметот со број 12-3455/1 од 26.12.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Во ДКСК е оформен предмет со број 12-3455/1 од 26.12.2026 година по анонимна пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапка за јавна набавка спроведена по оглас број -----------/2025 од страна на правното лице со државен капитал ----------- - ----------, ---------- --------. Пријавата е поднесена против лицата ------------ - управител на правното лице -------------- – претседател на Комисија за јавни набавки, ----------------, ---------------, -------------- и ----------------, како членови на Комисијата.

При разгледување на пријавата и приложената документација кон истата ДКСК констатира дека подносителот предметниот случај го пријавил и до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во предметот, ДКСК се обрати со барање за доставување на информации до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

На ден 22.05.2026 година, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција извести дека постапува по предмет со бр.РО.бр.------/25 оформен по кривична пријава поднесена од пријавител -------------- од ------------, против --------------------, ------------------, ------------------------, -------------------------, --------------------- и -------------------------, а во која биле изнесени наводи за сомневање за криминални дејствија во постапка за јавна набавка спроведена по друг оглас -------------------/2025. При надлежното постапување, од страна на наведеното обвинителство било дојдено до сознание дека за случајот постапувал јавен обвинител од ОЈО ---------------, по што на 24.11.2025 година, кривичната пријава била доставена на надлежно постапување и одлучување до Основното јавно обвинителство ----------------.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК констатира дека за истите пријавени лица се води постапка пред друг надлежен орган па во насока на спојување на двата предмети и заради постапување и одлучување во единствена постапка по истите, по што утврди постапката по предметот да запре а предметот да се достави на надлежно постапување до ОЈО ------------------.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија · ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА · Скопје · KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT · Shkup · Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: B.Xh., Член на ДКСК/Anëtarë i KSHPK